# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЈОРДАН ЖИВАНОВИЌ И М-Р ВЛАТКО ЈОВАНОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2002-107/6 од 19.12.2013 година на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на интерна скрипта „Академско пишување” од авторите проф. д-р Јордан Живановиќ и м-р Влатко Јовановски.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Академско пишување” се состои од предговор, вовед, три поглавја и користена литература, распоредени на 110 страници. Ракописот е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 15 слика и 4 табели, проследен со голем број на примери.

Во предговорот и воведот авторите се осврнуваат на досегашната литература од оваа област на македонски јазик, како и достапната литература од интернет и други извори.

Во првото поглавје е обработена тема за „читање“ и читање на разни материјали. Се почнува од читање на натписи од дневен печат, преку читање на семинарски работи и есеи, па сè до стручни трудови. Авторите посебно внимание му посветуваат на читање со помош на нови информатички технологии, односно со користење на компјутери и таблети. Детално е образложен процесот на „првото“ читање и водење на забелешки во електронска и хартиена форма.

Низ целото поглавје се провлекува нишка на критичко читање како задолжителен дел од секој сериозен пристап до секој извор.

Во второто поглавје кое е, всушност, и главен дел од учебникот детално се разработени темите:

- Избор на тема;
- Патот од идеја до реализација;
- Собирање на информации;
- Композиција;
- Ревизија;
- Пишување според зададен терк или темплејт и граматичка проверка;
- Користена литература.

Третото поглавје ги обработува вештините за презентација на напишаниот текст. Делот се состои од повеќе теми, ставајќи акцент на усната презентација, почнувајќи од: час и академски час, работни извештаи, резултати од истражувањата и презентација на научни трудови, преку постери односно плакати.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите на информатика и други факултети, со користење на голем број практични примери. Опсегот на покриениот материјал е ист како и во странската литература по овој предмет и, во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Академско пишување.

**З А К Л У Ч О К**

Со оглед на изложеното, на Наставно - научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Академско пишување“ од авторите проф. д-р Јордан Живановиќ и м-р Влатко Јовановски да го прифати за печатење како ИНТЕРНА СКРИПТА.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Владо Гичев, с.р.**
**Проф. д-р Борис Крстев, с.р.**